Република Северна Македонија
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став (2) точка 24), а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18,1 40/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), член 58 од Деловникот на Државната изборна комисија 01-2772/1 од 30.12.2022 година, Државната изборна комисија на 169-тата седница одржана на ден 20.01.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

-за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на Повторени избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и за градоначалник на општина Центар Жупа-

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува висината на надоместокот за извршената работа во процесот на подготовката и спроведувањето на Повторни избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и за градоначалник на општина Центар Жупа.

**Член 2**

Право на надоместок (во понатамошниот текст: Надоместок) за извршена работа во подготовката и спроведувањето на Повторените избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и за градоначалник на општина Центар Жупаимаат:

1. Членовите на изборните органи:
   - Претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии и
   - Претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори.

2. Изборната администрација:

- Ангажирани лица во помошните тела на Државната изборна комисија по одлука на Државната изборна комисија,
- Секретарите и нивните заменици на општинските изборни комисии и
- Други лица времено ангажирани за изборен процес по налог на Државната изборна комисија.

**Член 3**

Со овој Правилник се определува надоместок за лицата ангажирани во помошните тела на Државната изборна комисија и лица ангажирани по налог на Државната изборна

комисија и тоа за:

1. Лица ангажирани од и во Државниот завод за статистика и тоа:
   - за работи за навремена техничко – методолошка обработка на Избирачкиот список,
   - за контрола при печатење на изводите и посебните изводи од Избирачкиот список,
   - за дежурство на денот на гласањето,
   - за поддршка на ДИК на денот на гласањето и
   - за внесување и пренос на изборни податоци од општинските изборни комисии и за техничка поддршка за вршење на случајниот избор;
2. Лица ангажирани за вршење на работи за одржување на хигиена;
3. Лица ангажирани од Министерството за внатрешни работи во просториите на Државната изборна комисија.

**Член 4**

За лицата ангажирани во категориите дефинирани во член 3 од овој Правилник, се определува единствен фиксен износ за спроведување на изборен процес, на следниот начин:

1. За лица ангажирани од и во Државниот завод за статистика, исплатата на надоместоците се врши по основ на секој поединечен работен ангажман или за секоја одделна работна позиција кои се извршувани, на секое лице посебно и тоа за:
   - за работи за навремена техничко – методолошка обработка на Избирачкиот список – 20.000,00 денари за спроведен изборен процес.
   - за контрола при печатење на изводите и посебните изводи од Избирачкиот список – 15.000,00 денари за спроведен изборен процес.
   - за дежурство на деновите определни за гласање – вкупно 15.000,00 денари за спроведен изборен процес.
   - за поддршка на ДИК на денот на гласањето – по 10.000,00 денари за денот на избори и
   - за внесување и пренос на изборни податоци од општинските изборни комисии и за техничка поддршка за вршење на случајниот избор – по 10.000,00 денари за денот на избори, односно по 3.000 денари за денот на избори за лица кои се резерва и
2. Лица ангажирани за вршење на работи за одржување на хигиена – до 20.000,00 денари;
3. На лица ангажирани од Министерството за внатрешни работи за обезбедување на просториите на Државната изборна комисија, им се определува надоместок во износ од по 20.000,00 денари за целокупниот ангажман.

**Член 5**

При определувањето на надоместокот на категориите на лица кои не се опфатени во член 2 овој правилник, а се ангажирани за организирање и спроведување на Повторни избори за градоначалник на општина Гостивар, градоначалник на општина Врапчиште, градоначалник на општина Маврово и Ростуше и за градоначалник на општина Центар Жупа, се применуваат одредбите за определување на критериумите за утврдување на надоместок предвидени во Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес, донесен под број 08-4741/1 од 14.11.2025 година.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.
Овој Правилник се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број 08-238/1**
**20.01.2026 година**
**С К О П Ј Е**

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
**Борис Кондарко**